European Bank
for Reconstruction and Development

# Преглед на основните податоци за проектот

| | |
|---|---|
| Назив на проектот: | ECM II: Инвестиција во ефикасна дистрибуција на електрична енергија |
| Земја: | ПЈР Македонија |
| Број на проектот: | 37685 |
| Сектор: | Дистрибуција и снабдување на електрична енергија |
| Јавен/Приватен: | Приватен сектор |
| Датум на доставување пред бордот: | 24 јули 2007 |
| Статус: | Помината фазата на ревидирање на концептот. |
| Датум на објавување на прегледот:<br>Датум на ажурирање на прегледот: | Овој дел се пополнува од задолженото лице во одделот за комуникации |
| Опис на проектот и цели: | Предложениот проект е финансирање на инвестиционата програма од 100 милиони евра за надградба на мрежата за дистрибуција на електричната енергија во ПЈР Македонија. Инвестиционата програма ќе се фокусира на четири главни области:<br><br>- надградба на мрежните линии и конекции<br><br>- надградба на подстаниците и трансформаторите<br><br>- надградба на мерниот систем<br><br>- надградба на системите и администрацијата<br><br>Предложената инвестиција ќе игра значајна улога во подобрување на оперативното работење на компанијата, т.е. техничкото работење на мрежата, вклучувајќи намалување на техничките и комерцијалните мрежни загуби како последица од ефикасноста на мрежата, мерењата и системот на наплата. |
| Транзиционен ефект: | Со кредитот ќе се поддржи тековната реорганизација во поглед на оперативната ефикасност на неодамна приватизираната компанија за дистрибуција на електрична енергија, ECM, демонстрирајќи го позитивниот ефект на приватното учество во енергетскот сектор и неговата клучна улога во тековната либерализација и реструктуирање на секторот. Се очекува проектот да го поддржи ѝ трансферот на знаења од спонзорот на кредитобарателот. |
| Клиент: | Кредитобарателот, ECM е единствената компанија во ПЈР Македонија за дистрибуција и снабдување на |

| | |
|---|---|
| | електрична енергија. Компанијата ги снабдува со електрична енергија домаќинствата, индустријата и буџетските организации. Кредитобарателот исто така поседува и стопанисува со 11 мали хидро-електрични централи.<br><br>Кредитобарателот е 90% во сопственост на австриската компанија ЕВН, регистрирана во Австрија и во мнозинска сопственост на државата на долна Австрија. |
| Финансирање од страна на ЕБОР: | 50 милиони евра корпоративен кредит на ЕСМ, паралелно со еднаков износ на финансирање од страна на МФК (Меѓународната Финансиска Корпорација). |
| Вкупна вредност на проектот: | 100 милиони евра |
| Влијание врз човековата средина: | *Категорија на проценка и оправданост*<br>Проценето е дека припаѓа во категоријата Б/1. Проектот вклучува обезбедување на средства за инвестиции во компанијата за дистрибуција на електрична енергија. Согласно политиката на банката за заштита на човековата средина, ревизија на корпоративната заштита на човековата средина и еколошка анализа на предложената инвестициона програма беа извршени како дел од длабинската анализа на проектот.<br><br>*Извршена длабинска анализа и резултати*<br>Длабинската анализа за заштитата на човековата средина на проектот е извршена од страна на меѓународен консултант за заштита на човекова средина. Истата се состоеше од ревизија на корпоративната заштита на човековата средина, која вклучуваше посета на локациите на подстаниците и магацините со цел да се направи анализа на компатибилноста и проценка на еколошкиот ризик, поврзани со постоечките и претходните операции. Извршена е, и анализа на заштитата на човековата средина поврзана со планираната инвестициона програма, со цел да се направи проценка на планираната линија и надградба на трафо-станицата, како и планираните нови метрички системи и проценка дали предложената инвестициона програма ќе и овозможи на компанијата да ги задоволи стандардите за заштита на човековата средина во земјата и на ниво на ЕУ.<br><br>Како дел од Еколошкиот и социјален акционен план (ЕСАП), беа предложени значаен број клучни области на активности. Најголемиот број се насочени на корпоративно ниво, иако некои активности поврзани со локацијата беа исто така идентификувани. Најзначајните активности се:<br>· Инвестиции во системите за зајакнување на преносот и загуби во дистрибуцијата, и со тоа зголемување на општата енергетска ефикасност;<br>· Имплементацијата на централно координираниот ЕХС менеџмент систем, вклучувајќи и ефикасен мониторинг;<br>· Значајна обука на вработените во Македонија преку програма на менторирање со ЕВН и |

| | |
|---|---|
| | основањето на ECM Академија за поопшта обука на вра-ботените.<br><br>Имплементацијата на ЕСАП ќе и овозможи на компанијата да го задржи нивото на компатибилност и да ги развие најдобро применетите пракси. Планираната инвестициона програма ќе овозможи и значителни придобивки во однос на ефикасноста на користењето на енергијата и ќе ја подобри безбедноста на системот во однос на вработените и јавноста. |
| Техничка соработка: | Нема<br><br>За можностите понудени на консултантите во однос на проектите финансирани од фондовите за техничка соработка, одете на страницата за избор на консултанти. |
| Контакт од компанијата: | Др. Михаел Лангле<br>Директор на финансии и сметководство<br>Главен финансиски менаџер<br>ЕВН Групација<br>ЕВН Плац<br>А-2344 МариаЕнзерсдорф<br>Австрија<br><br>Тел.: +43 22 36 / 200 123 24<br>Факс: +43 22 36 / 200 847 15<br>Електронска пошта: michael.laengle@evn.at<br>Веб страна: www.evn.at |
| Деловни можности: | За можностите за деловна соработка, контактирајте ја компанијата клиент. |
| Општи прашања: | Прашања за проектите на ЕБОР кои не се поврзани со процесот на реализација:<br>Тел: +44 20 7338 7168; Факс: +44 20 7338 7380<br>Електронска пошта: projectenquiries@ebrd.com |